OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 8 март 2016

## ДОБИВКА ПО ВАШ ВКУС – ДЕНАРСКИ И ДЕВИЗЕН ДЕПОЗИТ ПРОГРЕС ОД ОХРИДСКА БАНКА СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ

**Охридска банка Сосиете Женерал воведе нови производи во рамките на успешната палета на Прогрес депозити со фиксни каматни стапки.**
**Овие уникатни производи овозможуваат атрактивна растечка каматна стапка по периоди, што е можност за дополнителни вложувања и гарантирани каматни стапки.**

Отсега, за денарскиот и девизниот депозит Прогрес достапна е целосна понуда со рок на орочување на 12, 24 и на 36 месеци, поделен на 4 (за 12 и 24 месеци) или 6 периоди (за 36 месеци), при што секој нареден период носи повисока камата. Каматните стапки се фиксни и не се менуваат за периодот на орочување.

Оваа уникатна понуда воведена од Охридска банка Сосиете Женерал на клиентите им нуди бројни поволности:

- **растечка каматна стапка** – каматната стапка се зголемува во секој нареден период;
- **гарантирани и непроменливи каматни стапки** за целиот период на орочување;
- можност за орочување депозити во **денари и во евра**;
- можност за избор на **различен рок на депозитот**.

Дополнителна предност за корисникот е можноста за дополнително вложување износи на основниот влог и на тој начин, користење на растечката камата за секој вложен износ на Депозит прогрес.

Со оваа понуда на Охридска банка Сосиете Женерал, клиентите имаат можност за користење на каматна стапка до **2,75% за девизен Депозит прогрес** и до **4,30% за денарски Депозит прогрес** за време на последниот период за депозит орочен на 36 месеци.

За подетални информации во врска со понудата, клиентите можат да ги посетат експозитурите на Банката и веб-страницата www.ohridskabanka.mk.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013